# ДЕКЛАРАЦИЈА

За осуда на говорот на омраза и дискриминаторски говор кон жените, лезбијките, геј мажите, бисексуалците, трансродовите лица и маргинализираните заедници

Повикувајќи се на Уставот на Република Македонија и меѓународните документи за заштита на човекови права кои гарантираат дека сите луѓе се родени слободни и еднакви по достоинство и права и сите имаат права и слободи, како и на преземните обврски на државата за елиминирање на предрасудите и практиките засновани на стереотипните улоги на жените и мажите;

Имајќи ја предвид препораката на Комитетот на министри на Советот на Европа, дека „ниту културните, ниту традиционалните, ниту религиските вредности, ниту правилата на „доминантната култура", не можат да бидат повикани за да го оправдаат говорот на омраза или која и да е друга форма на дискриминација, вклучувајќи ја и врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет";

Уважувајќи ја препораката на Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРН) дека власитите, преку своите највисоки претставници, треба „системски и јавно да се оградуваат, користејќи најстроги зборови, од какви било изрази на нетолераница дадени од страна на предводниците на јавното мислење и медиумските личности";
Политичките партии и кандидатите на претстојните претседателски/парламентарни избори ја потпишуваат следната Декларација со која:
Политичките партии и кандидатите најостро го осудуваат говорот на омраза и дискриминаторски говор кон жените, лезбијките, геј мажите, бисексуалците, трансродовите лица и маргинализираните заедници;

Претставниците на политичките партии и кандидатите ќе се воздржат од говор на омраза и дискриминаторски говор кон жените, лезбијките, гејовите, бисексуалците и трансродовите лица и од изјави, особено во медиумите, кои можат разумно да бидат разбрани како легитимирање на говор на омраза или дискриминација.

Претставниците на политичките партии и кандидатите, исто така, ги охрабруваат сите учесници во предизборната кампања да промовираат толеранција и почит за човековите права на жените, лезбијките, геј мажите, бисексуалците, трансродовите лица и маргинализираните заедници.

Либерална партија (ЛП) ____________________

Либерално-демократската партија (ЛДП) ____________________

Демократски сојуз (ДС) ____________________

Демократска обнова на Македонија (ДОМ) ____________________

Нова социјалдемократска партија (НСДП) ____________________

Граѓанска опција за Македонија (ГРОМ) ____________________

Алијанса за позитивна Македонија ____________________

Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) ____________________